***<u>ИЗВЕШТАЈ</u>***

***<u>ОД СПРОВЕДЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ООУ „САНДО МАСЕВ“-СТРУМИЦА</u>***



*Јуни 2021 година*

Согласно член 129, став 1,2,3 и 4 од Законот за основно образование( Службен весник на РМ, бр,161/19, Училишната комисија за спроведување на самоевалуација, беше формирана со одлука на Училишниот одбор бр.09-358/3 од 29.06.2021 година, а на предлог на Директорот на училиштето.Комисијата е составена од 5 члена од редот на наставници,стручни соработници и родители и тоа :

1. Лидија Манушева- психолог

2. Тинка Абрашева- одделенски наставник

3. – Билјана Николова-предметен наставник

4 -Антонија Попманова-предметен наставник

5. – Ана Тимова-родител

Во периодот што следуваше од 30.06 заклучно со јули 2021 година Училишната комисија состави свои тимови кои изготвија Самоевалуација на работата на училиштето. Разработени беа следните ПОДРАЧЈА:

- Подрачје 1. Наставни планови програми
- Подрачје 2. Постигања на учениците
- Подрачје 3. Учење и настава
- Подрачје 4. Поддршка на учениците
- Подрачје 5. Училишна клима и односи во училиште
- Подрачје 6. Ресурси
- Подрачје 7. Управување, раководење и креирање политика

| САМОЕВАЛУАЦИЈА 2021 | | |
|---|---|---|
| ***** | **Име и презиме на наставник** | **Подрачје** |
| | ***КООРДИНАТОР*** **Лидија Манушева** | **Наставни планови** |
| | Билјана Босиљанова | |

| | | |
|---|---|---|
| | Виолета Василева | **програми** |
| | Јулија Арабаџиева | |
| | | |
| | ***КООРДИНАТОР*** **Тинка Абрашева** | **Постигања на учениците** |
| | Василка Јованова | |
| | Весна Филева | |
| | Наталија Дикова | |
| | | |
| | ***КООРДИНАТОР*** **Антонија Попманова** | **Учење и настава** |
| | Мирјана Иванчева | |
| | Снежана Стојкова | |
| | Никола Џорлев | |
| | | |
| | ***КООРДИНАТОР*** Билјана Николова | **Подршка на учениците** |

| | |
|---|---|
| Наталија Дикова | |
| Снежана Калева | |
| Гургица Грнчарова | |

| | |
|---|---|
| ***КООРДИНАТОР*** Билјана Николова | **Училишна клима и односи во училиштето** |
| Слоботка Појразова | |
| Роза Мафкова | |
| Костадин Цветанов | |

| | |
|---|---|
| ***КООРДИНАТОР*** **Ана Тимова** | **Ресурси** |
| Владо Митров | |
| Софче Калајџиева | |
| Слоботка Појразовска | |
| | |

| | |
|---|---|
| ***КООРДИНАТОР*** Антонија Попманова | **Управување , раководење и креирање на политика** |
| Горги Стојчев | |
| Весна Митева | |
| Софче Калајџиева | |

## *1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ*

### 1. 1. Реализација на наставните планови и програми

Од 11 март во учебната 2019/20 година поради настанатата ситуација со Ковид-19, наставата во училиштето се до крајот на годината се одвиваше со далечинско учење а учебната 2020/21 година од истите причини започна на 1 Октомври. Училиштето се прилагоди според протоколите и сите упатства кои ги добиваше од МОН. Наставата во ООУ „Сандо Масев“ Струмица се реализира во согласност со наставните планови и програми за воспитно образовна дејност за деветгодишно основно образование донесени од Министерот за образование и наука и наставниците изведуваат наставна програма по задолжителни предмети,изборни предмети, доолнителна и додатна настава.

Оваа учебна година наставата се реализираше по скратени наставни програми донесени од Бирото за развој на образованието поради новонастанатата ситуација со Ковид-19. Во вака отежнувачки услови, со скратени програми и скратено времетраење на часовите, како и адаптирањето кон платформата за далечинско учење како на учениците така и на наставниците, наставниот процес секако дека имаше проблеми на почетокот, кои со тек на време се нормализираа.На учениците кои имаа потреба им се доставуваа и печатени материјали од страна на училиштето.Во централното училиште, наставата од 1-3 одделение се изведува со физичко присуство а учениците од 4-9 одделение наставата ја следеа онлајн на Теамс платформата.Иста ситуација е во ПУс.Баница.Во ПУс.Водоча,П:Ус.Добрејци и во паралелките со аутизам се следи со физичко присуство.

Реализацијата на скратените програми е добра и покрај сите потешкотии. По наставните предмети математика,физика,хемија и биологија наставата се реализира според Кембриџ програмите кои се адаптирани од страна на БРО.Содржините во поголемиот број на наставни програми овозможуваат меѓуетничка интаграција во образованието и го вклучува точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми. Наставата по физичко и здравствено образование во прво одделение од

учебната 2019/2020 година ја реализира предметен наставник.

Училиштето располага со сопствена училишна спортска сала, 3 терени за мали спортови во рамките на училишниот двор во Струмица, по два отворени спортски терени во с. Баница и с. Добрејци, што придонесува за успешно реализирање на наставните планови и програми од физичко и здравствено образование. Учениците, родителите и наставниците секогаш влијаеа врз начинот на реализација на наставните планови и програми со тоа што учествуваа во изборот на учебници, во договорите за екскурзии, набљудувања, посети, изложби.Но, оваа учебна година не се реализираа ексурзии поради новонастанатата ситуација со Ковид-19.

Оваа учебна година,за применуваните наставни планови и програми родителите се запознаени од предметните и одделенските наставници на почетокот на наставната година на онлајн одржани родителски средби.

Во училиштето работат три паралелки за деца со аутизам. Наставата во овие паралелки ја реализираат дефектолози. Наставните програми за овие ученици се прилагодени и одобрени од страна на Министерството за образование и наука.

Изборната настава е застапена согласно наставниот план и програма и училиштето има воспоставено процедури за избор на изборни предмети. Учениците за истите се определуваат според нивниот афинитет и интерес без разлика на пол и други различности. Тоа се врши преку спроведување на анкети со учениците и родителите на кои им се понудени да избираат од три наставни предмети, а се зема во предвид и мислењето на родителите.Во овие 2 учебни години анкетите се спроведуваат онлајн.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците при планирањето и реализацијата посветуваат внимание на еднаква полова застапеност при давање задачи и обврски на учениците и нивно активирање во распоредот на работа во групи и користење на разни материјали и инструменти за работа, во интеракцискиот однос на релација наставник-ученик и друго.

Училиштето наставните планови и програми ги прилагодува на локалната средина со тоа што планираат посети на институции, изложби и промоции, учество на наградни литературни и ликовни конкурси, јавни манифестации и прослави, набљудувања, екскурзии, настава во природа и информирање на јавноста за своите постигања преку локалните медиуми.Но,голем дел не се реализираа и минатата и оваа учебна година освен натпреварите кои беа најчесто организирани онлајн а некои од нив и со физичко присуство.

Родителите и наставниците имаат мало влијание врз наставните планови и програми. Наставниците, родителите и училиштето не покренале иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови, иновирање на постојните, укинување на одредени содржини, или воведување на нови, до Бирото за развој на образованието, или до Министерството за образование и наука.

Наставниците и родителите имаат одредено влијание во интегрирање на еколошката програма во годишната програма за работа на училиштето. Активностите од еколошката програма во поголем дел се планирани во соработка со наставниците на ниво на стручни активи, под раководство на координаторот на програмата. Поголемиот број наставници учествуваа во изработка на содржините и активностите и нивната интеграција во годишната програма. Влијанието на родителите во надополнувањето на наставните планови со еколошки содржини е присутно, но во помала мера.

**1.3. Вонна ставни активности**

Вонна ставните активности по обем и разновидност добро се планирани во Годишната програма на училиштето. Училиштето има планирано со носители-наставници и динамика на реализација слободни ученички активности по сите наставни предмети. Планирани се општествено корисна работа, активности на заедницата на учениците, ученички екскурзии, натпревари и други облици на организиран престој на учениците во училиштето и вон наставата.Во учебните 2019/20 и 2020/21 година многу активности не се реализираа поради пандемијата со Ковид-19.

Од извештаите, прегледите, освоените награди, пехари, дипломи и други признанија, сместени по витрините, огласните табли и други соодветни места, може да се заклучи дека учениците и наставниците перманентно учествуваат на сите општински, и зависно од освоеното место на регионални, државни и меѓудржавни натпревари. Области во кои учествувале учениците се: хемија, информатика, англиски јазик, македонски јазик, природни науки, биологија и други на кои се постигнати солидни резултати.

Сите овие вонна ставни активности подеднакво им се достапни на учениците од двата пола. Во нив се вклучени поголемиот број ученици според покажаниот интерес и афинитети. Учениците за нив се определуваат по сопствен избор, а понекогаш учествуваат и во планирањата на работата во вонна ставните активности. Учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни потреби образовни потреби се вклучени во вонна ставните активности. Во училиштето два ученици со физички недостато од кои едниот користо ортопедско помагало. Во училиштето има изградено специјален пристап за ученици со физички хендикеп, само до приземје, но не и по катовите.

Одлучувачко во изборот на вонна ставните активности е желбата на учениците, а влијанието на наставниците е помало.Придобивките од истите се препознатливи кај учениците во нивниот интелектуален, емоционален, социјален и морален развој.

Во училиштето се реализираат и повеќе училишни проекти преку кои доаѓа до израз креативноста, иницијативноста, одговорноста, исполнителноста на учениците. Во соработка со Општината,Младинскиот совет и невладини организаци се организираа хуманитарни акции за помош на деца од социјално загрозени семејства

Во соработка со еколошкото друштво ,,Планетум ,,- собирање стара хартија и пластични шишиња , за чиста животна средина

Во соработка со МОН , учество во акцијата ,, Засади ја својата иднина,,

Во соработка со Министерство за внатрешни работи – отсек за превенција , реализирање на предавања од областа на ,,Безбедност во сообракајот,, како и учество во литературни конкурси .

Во рамки на училиштето преку предметот граѓанско образование организирано хуманитарна акција под мотото ,,Од децата за децата’’од кои средсва беа купени таблети за ученици од социјално ранливите категории на семејства.

-Хуманитарна акција на ниво на училиште во собирање на храна и облека пак за учениците чии фамилии се во ризични категории.

Поголем број ученици се вклучени и во изработката на планот на активности и спроведувањето на планот на активности од еколошката програма. Присутно е учеството на учениците во повеќето реализирани еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди. Во училиштето е формирана еко патрола од ученици кои го следат и надгледуваат процесот на имплементација на активностите од програмата за заштеда на енергија, вода, одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето, еколошки уреден училишен двор. Тие се вклучени во изработка на упатства, натписи, флаери за одржување и заштита на училишната средина кои се поставени на соодветни места во училишната зграда и училишниот двор.

## ***2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ***

### 2.1. Постигања на учениците

Постигањата на учениците се добри. Училиштето ги следи постигањата на учениците и ги споредува на крајот од првото тромесечие, крајот од првото полугодие, крајот од третото тромесечие и на крајот од учебната година.

Изработени се споредбени анализи за постигањата на учениците на крајот од секој класификационен период со претходниот, како и постигањата на крајот од учебната година со минатогодишниот период.

Од анализата за постигнатиот среден успех на учениците во последните две учебни години средниот успех бележи зголемување. Од анализата за постигнатиот среден успех на учениците во последните две учебни години се констатира дека во учебната 2019/20 година средниот успех бил 3,91, а во учебната 2020/21 година средниот успех бил 3,95,... Тоа значи дека просечниот успех на учениците покажува одредено зголемување.

Извршена е анализа на постигањата според полот на учениците и констатирано е дека девојчињата покажуваат повисоки постигања од момчињата. Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето и на надарените ученици.

Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби врши стручната служба и наставниците. Стручната служба на секој одделенски раководител му дава скала за проценка на надареноста и бара, доколку има ученици кои се истакнуваат во одредени области да ги пријави до службата. По тоа психологот врши тестирање со кое се оценува когнитивната способност на ученикот. Учениците со посебни потреби, или учениците кои имаат потешкотии во напредувањето се идентификуваат уште при запишувањето во прво одд.и овие две години се упатуваат на МКФ по изразена согласност од родителот.

Со вклучување на училиштето во многу актуелни вебинари во овие учебни години претежно онлајн и современиот пристап во организацијата на наставниот процес од поголем дел наставници со користење на современи наставни средства, методи и форми на работа, континуирано се подобруваат и постигањата на учениците во редовната настава.

Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус. За таа цел од средните училишта оваа учебна година имаме побарано извештај за постигањата во средното образование.

Подобрени се и постигањата на одреден дел од учениците кои од различни причини не успеале да совладаат дел од наставните содржини, преку организирање и реализирање на дополнителна настава, која во оваа учебна година се изведуваше онлајн. При реализација на еколошката програма подеднакво се вклучени учениците од двата пола и учениците со посебни образовни потреби.

**2.2. Задржување/осипување на учениците**

Училиштето располага со податоци за целосен опфат на учениците од својот реон. Училиштето го следи осипувањето на учениците и ги анализира причините за тоа. Според овие анализи , во учебната 2019/20 година се испишале 12 ученици(4ж, 8 м) а придошле 6 ученици (2ж,4м) а во оваа учебна година 2020/2021 година се испишале 9 ученика(4ж, 5 м) а придошле 5 ученика (3 ж,2м) а причините за иселување се најчесто поради иселување во странство .

Училиштето води евиденција на изостаноците на учениците, оправдани и неоправдани, ги анализира причините за изостаноците, расправа за нив на формалните и неформалните органи со цел за нивно намалување. Преминот на ученици во друго училиште и обратно се врши по законска процедура.

**2.3 Повторување на учениците**

Во нашето училиште во учебната 2019/20 повторуваа 48 ученици, во учебната 2020/21 повторуваа 48 ученици Причина за ваквата состојба е тоа што најголем број од ПУ с.Баница заминуваа во странство без да го регулираат нивното заминување во училиштето.

## ***3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА***

### 3.1. Планирање на наставниците

За реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни-глобални, тематско-процесни и дневно-оперативни планови. Освен редовната настава, наставниците ја планираат дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, животни вештини и одделнскиот час. Училиштето има изготвено пропишани процедури за следење и подршка на планирањата на наставниците и наставниот процес. Стручните активи во соработка со стручните соработници имаат изготвено универзален модел на планирање за сите наставници, како и критериуми за вреднување на квалитетот на планирањата и наставниот процес.

Наставниците добро ја планираат својата воспитно образовна работа. Најмалку двапати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба.

Училиштето им помага на наставниците подобро да ја планираат наставата со тоа што им обезбедува посета на вебинари и сооделување на часови на разни платформи, стручни консултации со стручната служба и со стручните колегиуми, нагледни средства, прирачници и друго.

Дневните планирања скоро на сите наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставниот час. Најголем број од наставниците ја планираат евалуацијата - оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат наредните чекори во учењето.Наставниците планираат во рамките на стручните активи.

Во планирањата на наставниците извршена е интеграција на одредени наставни содржини согласно еколошката програма, планирање на ИКТ во наставата, направени се интервенции во реализацијата на програмата на часот на одделенскиот раководител и тоа при изборот на работилници, кои ќе помогнат учениците да се запознаат со мултиетничкиот карактер на Р. Македонија, а нивната реализација се бележи во одделенскиот дневник.

Од страна на раководниот орган и стручната служба воспоставен е систем за следење на наставата и планирањата на наставниците.

Распоредот на часови во електронска форма го изработува лице остручено за изготвување на распореди. во соработка . При изготвувањето на распоредот се води сметка за интересот на учениците.

## 3.2. Наставен процес

Наставниот процес во училиштето се одвива и реализира добро.

Во наставниот процес поголем број наставници користат разновидни адекватни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Во наставата се применува работа во групи, работа во парови, индивидуализираната настава, метод на истражување и набљудување, дијалошка и тест метода, демонстративен метод.

Најголемиот број наставници во наставниот процес ја применуваа информациско- компјутерската технологија за пребарување на податоци, но овие две учебни години поради состојбата со Ковид-19 сите наставници и стручни соработници се обучени за работа на Платформата за учење како и за користење на многу алатки кои ќе им помогнат да ги подобрат нивните компетенции за изведување онлај настава. Дополнителната и додатната настава се реализира од голем број наставници. Слободните активности се реализираат од голем број наставници.

Најголемиот број наставници кон учениците се однесуваат како кон личности на начин кој промовира взаемно почитување, при што не се прави разлика помеѓу учениците по пол, социјално потекло или со потешкотии во учењето. На учениците им се дава сета потребна помош за тие полесно да го совладат наставниот материјал.

Во училиштето постои договорна пропишана процедура за следење на наставниот процес. Директорот и стручната служба го следат наставниот процес преку посета на часови најмалку еднаш во полугодие. Перманентно оствaруваат увид во планирањата на наставниците. Резултатите од следењето се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. Од овие посети директорот и стручната служба водат соодветна документација.

## 3.3 Интеракција во наставата

Воспоставено има добра интеракција помеѓу наставник и ученик и обратно. Наставниците користат разни форми за интеракција со учениците, а почести се поставување прашања, водење дискусии и повратна информација. Тие со учениците ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи. Се користат различни интерактивни методи за вклучување на учениците во процесот на учењето, при што учењето во училницата е активно и динамично.Воспоставена е добра интеракција на учениците меѓу себе. Примената на групната форма за работа во наставата кај поголем дел од учениците има придонес во добриот соработнички однос помеѓу учениците.Најголем број од наставниците имаат добар приод кон учениците. Тие подеднакво ги третираат сите ученици без разлика на пол и социјална структура. Подеднакво ги активираат во процесот на учењето, мотивираат, насочуваат и ги следат нивните постигнувања.

### 3.4 Користењето на ИКТ во наставата

Наставниците ги планираат часовите за примена на ИКТ согласно законската обврска и најголем дел од наставниците ги реализираат часовите според зацртаното.

Училиштето се подготви за спроведување на настава во вонредни ситуации со тоа што технички ги приспособи сите компјутери за секој наставник со позиција (компјутер,камери,микрофони) за изведување онлајн настава а воедно и  зајакнување интернет, мрежа и сл)

### 3.5. Искуства на учениците од учењето

Сите училници во кои учениците учат се пространи, осветлени и естетско добро уредени. Истите делуваат стимулативно и ги мотивираат учениците подобро да учат.

Во сите училници од 1-3 одделение каде се изведува настава со физичко присуство, се изложени трудовите на учениците и други наставни апликации. Тие редовно се менуваат согласно целите на наставата и учењето.

Наставниците сметаат дека наставата ќе добие во квалитет доколку во училиштето има повеќе кабинети и лабаратории и се зголеми бројот на нагледни средства, по сите наставните предмети.

Начинот на кој се учи во училиштето е интересен и придонесува учениците да стекнат знаења кои ќе ги применуваат во секојдневниот живот и во понатамошното нивно образование.

Учениците се охрабруваат да превземаат лична одговорност од поголем број наставници. Тие ги охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во наставата преку разни задолженија што ги добиваат во процесот на наставата: задачи и истражувачки проекти, интерактивна настава, користење стручна литература и интернет, учество на конкурси и натпревари и други активности.Во втората половина на ноември оваа учебна година се конституира ученички парламент со кој раководи психологот на училиштето.Учениците избраа да направат истражување: Дали има проблеми во оддржување на онлајн наставата?и заклучоците од истражувањето ги споделија со учениците и натавниците со користење на алатките од Националната платформа за учење.Исто така за прв пат оваа учебна година се избра и ученички правобранител кој ги запозна учениците на одделенски час со нивните права и обврски во соработка со наставник по граѓанска култура .

Во реализацијата на еколошките проекти и точки на акции, уште повеќе наставниците ги поттикнуваат учениците целосно да превземаат лична одговорност и развијат свест кај учениците за одговорно и совесно однесување преку истражувачки проекти и имплементација на истите во училиштето, училишниот двор и локалната средина.

**3.6. Задоволување на потребите на учениците**

Идентификација на образовните потреби на учениците вршат самите наставници во процесот на наставата преку секојдневно следење на учениците, тестирање, прашалници, наставни листови, анкетни листови, диференцирани задачи, користење на разни ресурси и друго. Поголемиот дел од наставниците се трудат да им ја обезбедат потребната помош на учениците да ги работат зададените задачи, да учествуваат во активности и да користат ресурси според нивните потреби и стилови на учење. Се трудат во својата работа да го напуштат класичниот метод на работа и користат современи форми и методи на работа каде индивидуалните способности на учениците ќе дојдат до израз.Во услови на пандемија им се даваа и печатени материјали затоа ште реално некои од учениците немаа уреди или имаа проблеми со интернетот.Така да се трудеа наставниците и училиштето да ги прилагодат формите и методите кон скратената програма,скратеното времетраење на часовите и ресурсите со кои располагаат да се најде најдобриот интерес на учениците.

Со реализацијата на еколошките проекти во училиштето и со превземените активности од точките на акција, во училиштето е обезбедена здрава и чиста животна средина за учење и работа. Во училиштето редовно по два пати во денот се чистат подовите на училниците, а повеќе пати во денот холовите и тоалетите во училиштето. Поголемиот број од учениците одржуваат чиста училишната средина со тоа што не расфрлуваат отпадоци и се грижат училничката и училишната средина да остане чиста. Оваа учебна година особено се водеше сметка за хигиената поради пандемијата со користење на препораките добиени од МОН.

Оваа учебна година во соработка со Општината се реконструира дел од кровот од централното училиште,се обработи паркетот во спортската сала се замени дрвената столарија со ПВЦ во спортската сала,се постави нова ограда со современ естетски изглед околу училишниот двор и хортикултурно се уредија дворните површнини со цветни делови , со што дворот доби навистина пријатен изглед.

**3.7. Оценувањето како дел од наставата**

За евидентирање на напредокот на учениците се користат повеќе методи и форми на оценување: метод на набљудување, односно секојдневно следење на ученикот, разговор, примена на тестови на знаења, домашна активност и истражувачка активност.

Се применува описно оценување за учениците, дијагностичко, формативно, микросумативно, сумативно и бројчано оценување.

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успех на учениците се врши со интерно проверување. Интерното проверување на постигањата на успехот на учениците го вршат наставниците континуирано врз основа на стандардите за оценување.

Дел од наставниците писменото оценување на учениците не го вршат според можностите и способностите на учениците, односно не користат тестови по тежински нивоа.

Поголемиот дел од учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување и водење портфолија, а наставниците им помагаат да ги развијат способностите за самооценување на сопствениот напредок.

Најголемиот број од наставниците на учениците им даваат повратна информација за нивната работа, водат дискусија со учениците за нивниот напредок и учење.

Добиените информации од оценувањето на напредокот на учениците, наставниците ги користат соодветно за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

**3.8. Известување за напредокот на учениците**

Учениците добиваат известувања за својот напредок усно и писмено. Усно се известувани од предметниот наставник и одделенскиот раководител, а писмено со евидентни листови и свидетелства.

На родителите за напредокот на учениците им се даваат секаков вид усни и писмени информации. Усни информации родителот добива на сопствено барање, на родителски средби и писмени документирани известувања за успехот.

Оваа учебна година сите ивестувања се изведуваа онлајн , со одредени исклучоци кога беше неопходно да се повикуваат родители во училиштето, со максомално почитување на сте препораи и протоколи. Оваа година не се организираа  месечните отворени денови  за средба со родителите на кои присуствуваа сите наставници.

Училиштето секогаш е отворено да одговара на прашањата и интересирањата на родителите за напредокот на нивните деца и преку разговор во родителски одбори, поединечни разговори на родителите со одделни наставници, по телефон и на други начини.

***<u>4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ</u>***

**4.1 Севкупна грижа за учениците**

Севкупната грижа на училиштето за учениците задоволува. Училишниот простор (училници, ходници, дворна површина, шахти, прозорци, струјни места,  скали и друго) се безбедни, а ризикот од повреди на учениците е минимален.

Училиштето има Кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред за однесување на сите вработени и со истите се дефинирани сите облици на однесување на истите. Со нив се забранува секаков вид на насилство а во интерните акти се наведуваат механизмите за справување со евентуалната појава на психичкото и физичкото насилство. Оваа година се израаботи Кодекс на однесување за наставници, за родители и ученици согласно ситуацијата со Ковид-19.

Во случај на елемнтарна непогода и давање на прва помош училиштето има такви акти и обучени наставници и досега има изведено симулација во случај на елементарна непогода. Училишниот простор во централното училиште е ограден. Во училиштето има доволен број противпожарни апарати кои редовно се сервисираат.Училиштето располага и со сопствен санитарен материјал и прирачна аптека.

Оваа учебна година учениците се осигурани од повреди преку осигурителната компанија Халк осигурување. Учениците се чуствуваат безбедни во училиштето и училишниот двор. Дневните дежурства и во двете училишни смени во поголема мера се одржуват од страна на наставниците. При појава на насилство вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата која е преточена пред 2 години во интерен акт а училиштето постапува по Упатството за пријавување и заштита на ученик жртва на било која од формите на насилство,злоупотреба и занемарување( член 66,став 2 од Законот за основно образование,, Сл.весник на РСМ‘‘ бр.161/2019 година. Училиштето има свој видео надзор со 12 камери.

Училиштето води политика за забрана за пушење, конзумирање на алкохол и конзумирање и дистрибуција на наркотични супстанци, што значи дека во училиштето не се пуши и не се употребуваат наркотични средства. Училиштето нема сознание дали од овие пороци учениците се безбедни по напуштањето на училиштето.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците и не располага со соодветен простор за оваа намена. Учениците со храна се обезбедуваат од околните продавници. Храната учениците ја конзумираат на големиот одмор во училишниот двор. Училиштето нема увид во квалитетот на исхраната што учениците ја конзумираат, но побарано мислење за квалитетот на исхраната од страна на надлежните органи на кое сеуште нема добиено одговор.Училиштето има соодветен пристап за овие ученици и, родители и др. Лица со физичка попреченост до приземните простории.

Во училиштето голем дел од децата се од социјално загрозени семејства. Училиштето им обезбедува помош за учениците од социјално загрозените семејства, која доаѓа до израз при организирање на екскурзии, набавка на работна облека, училишен прибор и во други случаи.

**4.2. Здравје**

Грижата за здравјето на учениците во ООУ„Сандо Масев“ Струмица е добра. Оваа учебна година психологот на училиштето изготви предавања за родители и ученици на тема ,,Како да го зачуваме менталното здравје‘‘ а присустуваше и 4 пати на локален медиум се со цел да се информира советодавно поширока популација.Исто така психологот им се јавуваше на семејствата кои имаа ученици од прво до трето одделение со цел давање прва психолошка помош а педагогогот на дневна основа ги следеше отсуствата на учениците од 1-3 одделение кои отсуствуваа поради заболен од Ковид 19 во нивното семејство.Таквите ученици веднаш остануваа во изолација.

Се води евиденција за редовното примање на вакцини кај учениците и редовно се реализира планираните систематски прегледи на учениците и наставниците.Секоја година се врши дезинфекција, дезинсекција, дератизација на училиштето.Хигиената како битен услов за зачувувањето на здравјето на учениците редовно се одржува во севкупниот училишен простор. Ходниците и училниците се чистат два пати дневно, поради сменското работење, а санитарните јазли по три пати. За чистење се употребуваат нетоксични средства. Во училиштето на видни места истакнати се упатства за одржување на училишната зграда и здрава средина.

Училиштето добро ги реализира точките на акции од воспоставените еко-стандарди со цел повисоко ниво на хигиена во училиштето ,надвор од него и заштита на здравјето на учениците и вработените. Се организираат разни предавања за заштита од заразни болести. Предавањата се вршат од страна на стручни лица од областа на школска медицина и други лица од медицинските установи. Теми од оваа област се застапени и во плановите за работа и во годишните програми на одделенскиот час.

**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

Стручната служба континуирано се грижи за професионалната ориентација на учениците. Во услови на пандемија педагогот ги анкетираше учениците од 9 одделение за да се види интересот на учениците во кое средно училиште ќе се запишат. Анкетата се изведе преку алатка од Националната платформа за учење. Грижата за учениците со емоционални потешкотии се реализира со советодавни разговори од страна на одделенските раководители и стручната служба, а во дадени случаи се воспоставува соработка со надлежни институции.

**4.4. Следење на напредокот**

Наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок, постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Покрај пропишаната со закон евиденција, поголемиот дел од наставниците водат и евиденција за индивидуалниот напредок на учениците. Од страна на наставниците се изготвуваат извешати по квартали за напредокот на учениците во паралелката. Од тие извештаи

стручната служба изготвува заеднички извештај за напредокот на учениците по паралелки и одделенија на ниво на училиште, кој е достапен за наставниците учениците, родителите и локалната заедница.

На ниво на училиште се прават анализи на постигнатите резултати и истите се користат за подобрување на воспитно образовниот процес.

## ***5. УЧИЛИШНА КЛИМА***

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето во средината каде работи има стекнато имиџ на добро училиште за што се согласуваат учениците, родителите, наставнците и раководниот орган во училиштето. Истото е препознатливо по добриот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области и вонаставни активности. Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците.

И покрај пандемијата,вработените со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето а поголемиот дел од нив ја познаваат мисијата и визијата на училиштето и се залагаат за зајакнување на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Најголемиот дел од наставниот кадар ужива добар респект кај родителите и учениците и најголемиот дел од наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето. Во училиштето постои висок степен на взаемно разбирање и почитување помеѓу наставниците, наставниците и учениците. Ова се однесува и за учениците од различен пол и социјално потекло.

Училиштето има посебни Кодекси за однесување на наставниците и учениците и Куќен ред за однесување на сите вработени и со истите се дефинирани сите облици на однесување на учениците и вработените кои се сметаат за психичко и физичко насилство.

Истите се истакнати во ходниците и во училниците. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на правилата на однесување пропишани со кодексите и таквите процедури се спроведуваат во пракса.

Во училиштето владее позитивна клима на меѓусебна доверба и почитување на сите вработени односно на сите инволвирани во воспитно образовниот процес.Соработката на службите со наставниот и раководниот кадар е добра. Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправност. Раководниот и наставниот кадар има важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците, а исто така и соработката помеѓу стручните служби со раководниот кадар е постојана.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра.Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување со максимално почитување на протоколите, носење маси и почитвање на дистанца. Учениците се навремено информирани за работите во училиштето и повремено учествуваат и во донесување на одлуки што се од нивен интерес оваа година преку Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител .

На организираните родителски средби одзивот на родителите е задоволителен. Училиштето нема определено отворен ден за посета на родители, поради пандемијата .Но, затоа за посета на родителите училиштето е отворено секој ден, на родителите секогаш им се даваат потребните информации за своите деца.

**5.2 Промовирање на постигањата**

Училиштето посветува внимание на постигањата на учениците. Учениците од ова училиште учествуваат на сите натпревари организирани на општинско, регионално и државно ниво. На тие натпревари учениците постигнуваат забележителни резултати и усвојуваат разни награди и се враќаат со пехари, дипломи, пофалници и друго, кои ги красат училишните ходници и канцеларии.

Промовирањето на постигањата на учениците е на добро ниво. Се промовира ученик на генерацијата, по изградени критериуми, како и ученик витез на другарството со цел да го стимулира дружењето и промовирање на позитивните детски карактеристики.Во овие 2 години не се избра ученик витез на другарството, поради методологијата на изборот која бараше работилници. Учениците за пофалување и наградување ги предлагаат раководителите на паралелките според бројот на освоени награди, но дозволено е и секој ученик самостојно да се јави . Согласно изградените критериуми за избор со демократска партиципација на учениците се избираат титулите Првенец на генерацијата и Спортист на генерација. Учениците се наградуваат со доделување на признание- плакета од училиштето. Голем дел од лични творби и изработки на учениците се поставени во ходниците и училниците. Изработени се повеќе флаери и еколошки ѕиден весник, каде се истакнати сите активности на еко-секцијата.

Поголемиот број од наставниците ја согледуваат важноста од пофалувањето како начин на мотивирање на учениците. Училиштето нема развиен систем на наградување на учениците и наставници кои што постигнале успех.

**6.3. Еднаквост и правичност**

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата. Училиштето преку разни форми ги запознава учениците со нивните права. Родителите за правата на своите деца се запознаваат од училиштето, преку посебна брошура и од други извори.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста кои како темелни вредности се застапени во сите пишани документи на училиштето. Се промовира и мултикултурата на нашата земја низ дел од пишаните документи на училиштето. Најголемиот број од вработените подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност и социјалната положба. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминацијата во училиштето.

При јавните настапи на училиштето по разни поводи, секогаш се водело сметка за правичната застапеност на сите групи на ученици по пол, социјална структура, како и со потешкотии во напредувањето.

Во училиштето нема регистрирано случај на дискриминација од страна на наставниците и другите вработени. Раководството, наставниците и стручната служба настојуваат тој подеднаков однос да се одржува.

1. Во училиштето има добра клима на соработка, разбирање и меѓусебна соработка.
2. Најголем дел од наствниците во соработка со родителите ги поттикнуваат учениците за подобрување на успехот, поведението и дисциплината.
3. Напредните ученици се пофалуваат јавно од одделенските наставници и од одд. совет со цел да се мотивирани.
4. Учениците го сакаат училиштето во кое учат.
5. Не постои полова или било каква дискриминација на учениците.
6. Најголем дел од наствниците имаат еднаков однос кон сите ученици.
7. Училиштето соработува со родителите и со локалната заедница и сето тоа допринесува за модернизација на училиштето.

**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница**

Учеството на родителите во работата на училиштето преку одборот на родители на паралелка , советот на родители и преку Училишниот одбор е на задоволително ниво.

Училиштето презема активности за да ги потикне родителите да се вклучат во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа.Присуството на родителите на родителските средби е добро, со исклучок на поедини родители на послаби ученици.

Присуството на членовите на совет на родители на нивните состаноци задоволува.

Училиштето користи ефективни мерки за информирање на родителите за сите аспекти од работата на училиштето. Освен преку сотаноците на Советот на родители и росителските средби училиштето е секој ден отворено за родителите и другите заинтересирани.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница и невладиниот сектор преку спроведување заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница и невладиниот сектор преку спроведување заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата.

- Училиштето има редовна, плодна соработка со родителите.
- Родителските средби редовно се одржуваат. На нив родителите усно и писмено се информираат за постигањата и дисциплината на нивните деца..
- Училиштето го бара мислењето на родителите и ги поттикнува на соработка.
- Со локалната власт постои взаемна тесна, позитивна и конструктива соработка.

***Унапредување на соработката на училиштето со родителите***

Да се организираат почести состаноци со родителите, понекогаш заеднички со учениците.

Да се поттикнат  родителите почесто да го користат е-дневникот како извор на информации TEAMS или преку поединечни средби со наставниците

- Да се поврзат родителите и училиштето во група на интернет
- Да се организираат заеднчки акции, проекти, активности на родителите, наставници и ученици
- Да се организираат заеднички хуманитарни акции
- Да се организираат денови за дружење со родителите преку заеднички работни акции, посети, излети, екскурзии
- Да се едуцираат родителите како да им помагаат на своите деца во текот на образованието
- Да се претставуваат во медиумите сите заеднички активности, проекти, акции на училиштето во соработка со родителите на начин со кој се мотивираат и останатите субјекти за учество.

## *6. РЕСУРСИ*

### 6.1. Просторни капацитети

Училишната зграда во ООУ „Сандо Масев“ е пуштена во употреба во учебната 1962/63 година. Просторните услови во неа се добри, а капацитетот на искористеност е максимален.

Училишната зграда во централното училиште располага со 22 училници, 1 кабинет по информатика, 1 кабинет од природна група предмети, една просторија за кариерен развој комплетно опремена од УСАИД, библиотека, фискултурна сала и 5 канцеларии и други помошни простории.

Централното училиште има асфалтирани спортски терени, а располага со спортска сала мала по површина која не ги испоолнува стандардите за простор.Училишниот двор е ограден, предниот дел е хортикултурно уреден, а во задниот дел се наоѓаат спортските терени. Вкупната корисна површина изнесува 2.337,66 м2.

Во централното училиште во учебната 2019/20 година од прво до деветo одделение учат 883 ученика, распоредени во 40 паралелки.Во состав на училиштето работат подрачни училишта во населените места Баница, Добрејци и Водоча. Во склоп на училиштето работат и паралелки за деца со аутизам.Бројот на учениците во учебната 2020/21 во централното училиште изнесува 911 ученика распоредени во 40 паралелки.

ПУ во Баница е полно деветогодишно училиште во кое учат 215 ученици распоредени во 10 паралелки. Има 5 училници, 1 канцеларија, една помошна просторија за дрва. Бројот на учениците во учебната 2020/21 во централното училиште изнесува 186 ученика распоредени во 10 паралелки. Дворот е асфалтиран и има одбележани спортски терени така да учениците имаат можност за реализирање на часовите по физичко и здравствено образование. Училишната зграда е солидна, но постоењето на полно училиште наметнува потреба од просторно проширување со две училници, наставничка канцеларија и санитарен јазол .

Во ПУ Добрејци се изведува настава од прво до петто одделение во учебната 2019/20 година со вкупно 52 ученици распредени во 5 паралелки. Бројот на учениците во учебната 2020/21 училиште изнесува 55 ученика.

Училишнта зграда е градена 1925 година, реновирана со помош на месното население и расплага со 5 училници и 1 канцеларија. Училиштето располага со асфалтирано игралиште. Зградата е во добра состојба потребна но во моментот

Во ПУ Водоча работат две комбинирани паралелки со 6 ученика, во учебната 2019/20 година а во учебната 2020/21 година работат две комбинирани паралелки со 8 ученика .Наставата се одвива во зграда која е во добра состојба фасадирана со ПВЦ столарија и

комплетно опремена според потребите за нормално одвивање на воспитно-образовниот процес Паралелките за деца со аутизам се наоѓаат во просториите на градинка „Детска Радост“ Струмица како издвоен образовен сегмент со посебен влез и со нови простории. Тука во учебната 2019/20 година работат три паралелки со вкупно 8 ученика,  а во учебната 2020/21 нивниот број изнесува 7 ученика со кои работат дефектолози.Започна постапка за формирање Центар за поддршка во чии рамки ќе функционира Комисија за функционална поддршка на учениците

Училиштето има јасен план, распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што се задоволени потребите на учениците.

Севкупниот амбиент во кој се остварува воспитно образовниот процес е добар.

**6.2. Наставни средства и материјали**

Училиштето располага со литература и наставни средства и помагала кои соодветствуваат со современите наставни текови. За одделенска настава има доволен број на наставни средства и помагала. Но постојниот фонд на наставни средства во предметна настава е застарен и недоволен.

Училиштето нема доволно стручна литература и наставни средства од областа на еколошкото образование и заштитата на животната средина.

Потребите од наставни средства и помагала училиштето ги идентификува и задоволува преку постојано следење на наставата и прибирање на предлози од страна на наставнциите. Со финансискиот план и планот за јавни набавки, училиштето ја планира набавката на училишни помагала и литература. Училиштето пред почетокот на учебната година, по донесената одлука од страна на наставниците за тоа по кој учебник ќе се изведува наставата, истакнува список на учебници.

Училишната библиотека располага со фонд од 5389 од различен жанр (лектирни изданија од 1-9 одд**,** слободна литература, стручна литература по предмети, лексикони). Согласно бројот на учениците овој фонд на книги во мала мера ги задоволува потребите на учениците. Библиотеката не располага со читална, така што учениците освен што земаат книги за дома, не можат истите да ги читат и

во читалната. Библиотечниот фонд се зголемува во границите на можностите, но сепак постои мал недостаток од лектирни изданија, странска литература и енциклопедии. Библиотечната евиденција во училиштето се води уредно, рачно но не и електронски. Книгите се уредно подредени, а просторијата на библиотеката пријатно катче за престој. Работното време на библиотеката е видно истакнато, работи двосменски и може да биде достапна до учениците.

**6.3.** Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено доволен наставен кадар во согласност со Законот за основно образование и нормативот за наставен кадар. Наставно-воспитниот процес во училиштето го реализираат 46 наставника во предметна настава и 4 наставници од предметна настава кои дополнуваат во други училишта и 4 наставници од предметна настава кои се од други училишта а дополнуваат во нашето училиште а 34 наставника кои реализираат настава во одделенска настава и 3 дефектолози кои работат со учениците во паралелките со аутизам. Наставниот кадар е квалификуван да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставниот кадар е потпомогната од стручната служба и директорот, како и од административно техничкиот персонал. Педагогот, психологот и библиотекарот имаат сопствени програми за работа за учебната.

Наставниот кадар е целосно соодветен и стручен согласно критериумите пропишани со Законот за основно образование.

Наставнците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим. Во случаи на подолго отсуствување на некој наставник училиштето има механизми за соодветна замена.

Во училиштето има наставници кои дополнуваат настава во друго училиште. Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување, но кај помал дел недостасуваат вештини за задоволување на различните потреби на учениците.

Стручната служба на училиштето им помага на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош на сите наставници. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш е отворена за соработка. Училиштето нема отворен ден за родители но тие секојдевно се присутни во работата на училиштето.

Не е констатирана родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган.

Наставниците и стручната служба, членови во Еко одборот се соодветни и стручни за реализација на еколошката програма.

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот и педагогот, увид во планирањата, преку стручните активи итн. Од разговорите со наставниците и посетените часови, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности. Наставниците добиваат можност да учествуваат на сите семинари организирани од страна на БРО, како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Стручната служба ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за нивно стручно усовршување. Во училиштето се води педагошки картон за секој наставник. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето има систем за дисеминација на знаењето на кадарот. Училиштето има Правилник за пофалување, наградување на учениците и секоја година се прогласува ученик на генерацијата. Се промовираат учениците со освоени места од натпреварите на општински, регионални и државни натпревари, по предлог на ученичката заедница. Наградите најчесто се во плакети, пофалници, дипломи.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професинален развој на наставниците.

**6.5. Финансиско работење**

Од непосредниот увид во документацијата и разговорите со членовите на Училишниот одбор, членовите на Советот на родители и секретарот, се утврди дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење, а вработените се запознаени со финансиските активности на училиштето. Наставниците со финансискиот план се запознаваат информативно на седниците на Наставничкиот совет. Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен

финансиски извештај и ги доставува до Советот на општината. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор расправа за финансиското работење на училиштето кога се разгледува завршна сметка на училиштето. Училиштето финансиското работење го спроведува во рамките на законот. Постои транспарентност во финансиското работење.

Училишниот одбор како и другите органи се целосно информирани за финансиската работа на училиштето и има деловник за работа. Директорот применува механизми за обезбедување на дополнителни финансиски средства, но резултатите не секогаш се задоволувачки.

Финансискиот план е разгледан и усвоен како предлог од страна на органот на управување. Училиштето добива финансиски средства од буџетот на Република Северна Македонија и основачот и редовно ги известува за приходите и расходите и наменското трошење на средствата.

За извршување на набавките училиштето има донесено План за јавни набавки, усогласен со Законот за јавни набавки. За секоја јавна набавка се формира посебна комисија.

## ***7. Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето***

### *7.1.* **Управување/раководење со училиштето**

Со основното училиште ,,Сандо Масев‘‘ Струмица управува училишен одбор кој работи во комплетен состав, согласно Законот на основното образование и Статутот на училиштето. Мандатот на сите членови во УО е легитимен. Надлежностите на членовите во УО се дефинирани со Деловник за работа на УО. Состаноците на УО се одржуваат редовно и со мнозинство на членови на одборот. За секој нов состанок членовите се известуваат писмено, со дневен ред и во прилог записник од претходната седница, кој редовно се усвојува на секоја наредна седница.Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган, Советот на родители, наставниците и локалната самоуправа.

Директорот на училиштето како раководен орган има професионален однос кон работата и истиот знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето работење го заснива на тимска работа, успешно ги прати промените во образовниот систем и во таа насока донесува одговорни одлуки. Успешно комуницира со сите структури во воспитно образовниот процес како и локалната и деловната заедница и воспоставува со нив продуктивни партнерства.

Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето. Соработка на директорот со стручните соработници , административниот кадар и учениците е добра.

### 7.2. Цели и креирање на училишна

Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и истата е во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Посебен документ за образовната политика е и Програмата за развој на училиштето. Во Програмата за развој јасно се определени целите и приоритетите за развој на училиштето.

Наставниците, родителите и учениците се запознати со целите како и со начинот на нивно остварување но не се доволно вклучени во нивната реализација односно нивната вклученост е на доброволна основа и според нивните афинитети.

Креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите се врши само во рамките на органите и телата на училиштето. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и учениците.

### 7.3. Развојно планирање

Училиштето има донесено четиригодишна Програма за развој на училиштето (2018-2022), каде јасно се прецизирани целите и задачите за развој на училиштето. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамика за нивното реализирање и постигнатите резултати. Има изготвено програма како да се обезбедат финансиски средства за стручно усовршување на наставниот кадар, како да се обезбедат средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето и материјално – технички средства за набавка и одржување на нагледни средства. Овозможени се повеќе обуки на наставниот кадар кој во целост е опфатен.

***<u>Јаки страни</u>***

- ✓ Целосна реализација на наставните програми по сите наставни предмети,
- ✓ Поголем број наставници користат разновидни адекватни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,
- ✓ Подршка од страна на стручната служба на наставниците при изготвување на планирањата на наставниците,

- ✓ Подобрување на трендот на просечниот успех на учениците,
- ✓ Добри постигања на учениците и учеството на многу општински, регионални и државни натпревари,
- ✓ Целосен опфат на училишните обврзници од својот реон,
- ✓ Добра училишна клима,
- ✓ Обезбеден соодветен наставен кадар,
- ✓ Севкупната грижа за здравјето на учениците,
- ✓ Училишниот буџет се користи наменски и за креативни цели ,
- ✓ Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.
- ✓ Транспарентност во работењето кон родителите
- ✓ Училиштето има формирамо УИТ и ИТУ за ученици за поддршка на учениците со попречености за кои се изработуваат Индивидуални образовни планови.
- ✓ Учениците се препраќаат редовно при стручното тело за МКФ уште при нивниот упис.

**Слаби страни**

- ✓ Недоволна искористеност на ИКТ за реализација на наставата по поедини наставни предмети ,
- ✓ Нема контрола на квалитетот на храната што учениците ги набавуваат од околните продавници и сендвичари,
- ✓ Училиштето нема развиен систем на наградување на учениците и наставници кои што постигнале успех.
- ✓ Потреба од поголема спортска сала
- ✓ Ринуирани училишни објекти во с.Баница и с.Добрејци.

***ПРЕПОРАКИ***

- Да се превземат соодветни мерки за целосна користење на ИКТ за реализација на наставата по сите наставни предмети,
- Да се преземат мерки и активности за реализација на зацртаните стратешки цели во однос на подобрување на просторните услови како во матичното училиште така и во подрачните училишта,
- Да се превземат соодветни мерки и акитивности за поголема контрола на храната и продуктите кои учениците ги набавуваат од околните продавници,
- Да се изготви план и да се даде приоритет на снабдување на училиштето со современи наставни средства и лектирни изданија во доволен број.
- Да се реконструраат училишните објекти во с.Добрејци и с.Баница.